2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

1576-69

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 26 мај 1969
Скопје
Број 20 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 3,20 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**146.**

Врз основа на член 151 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Уставниот амандман VII и член 216 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на група од триесет пратеници, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Никола Минчев, пратеник на Републичкиот собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1445
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**147.**

Врз основа на член 151 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Уставниот амандман VII и член 219 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на група од дваесет пратеници, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседатели на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:
Ванчо Апостолски, пратеник на Републичкиот собор; и
Хицет Рамадани, пратеник на Републичкиот собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1447
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**148.**

Врз основа на член 144 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија во врска со Амандманот VI, точка 3, став 3, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОСТАПКАТА НА ИЗБОР ОДНОСНО ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА КОЛЕГИЈАЛНИТЕ ОРГАНИ, РЕПУБЛИЧКИ ФУНКЦИОНЕРИ И ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕТО ОД НАДЛЕЖНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. До изменувањето и дополнувањето на Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, изборот односно именувањето и разрешувањето на претседател и членови на Извршниот совет и претседатели и членови на Републичките комисии и другите републички колегијални органи (колегијални органи), републички секретари и нивни заменици и други републички функционери (републички функционери), членови на органи на управувањето, претседател и судии на Уставниот суд на Македонија и претседатели и судии на Врховниот суд на Македонија и на другите судови, што ги избира односно именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Собрание) ќе се врши според постапката утврдена со одредбите на оваа одлука.

2. Републичкиот собор и Соборот на општините изборот односно именувањето и разрешувањето на претседатели и членови на колегијалните органи, републички функционери и членови на органи на управувањето, што ги избира односно именува Собранието, освен функционерите за кои со Уставот на Социјалистичка Република Македонија или со Деловникот на Собранието е определено да ги избираат сите или одделни собори, го вршат согласно одредбите на оваа одлука.

3. Соборите на работните заедници, согласно одредбите на оваа одлука, учествуваат во постапката за претресување на предлозите за избор односно именување и разрешување на претседатели и членови на колегијалните органи, републички функционери и членови на органи на управувањето, што ги избира односно именува Собранието, и во таа постапка имаат права на одлучување определени со оваа одлука.

4. Предлогот за претседател на Извршниот совет го поднесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието, а може да поднесе и група пратеници составена најмалку од по 10 членови на Републичкиот собор и Соборот на општините, по своја иницијатива или врз основа на предлог од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

Предлогот за претседател на Извршниот совет им се упатува едновремено на сите собори на Собранието.

Пред претресувањето во Републичкиот собор и Соборот на општините, предлогот за избор на претседател на Извршниот совет го претресуваат на свои седници соборите на работните заедници и

за своето мислење по тој предлог ги известуваат Републичкиот собор и Соборот на општините.

Републичкиот собор и Соборот на општините, пред утврдувањето на кандидатурата за претседател на Извршниот совет, се должни да ги разгледаат мислењата на соборите на работните заедници и по нив да заземат став.

5. Предлогот за избор на членови на Извршниот совет на Собранието што го поднесува пратеникот предложен за претседател на Извршниот совет им се упатува едновремено на сите собори на Собранието, заедно со мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието.

Пред претресувањето во Републичкиот собор и Соборот на општините, предлогот за избор на членови на Извршниот совет го претресуваат на свои седници соборите на работните заедници и за своето мислење по тој предлог го известуваат Републичкиот собор и Соборот на општините.

Републичкиот собор и Соборот на општините, пред донесувањето на одлука за избор на Извршниот совет, се должни да ги разгледаат мислењата на соборите на работните заедници и по нив да заземат став.

6. Одредбите од точка 4 и 5 од оваа одлука сходно се применуваат и во постапката за претресување на предлог за разрешување на претседател и на сите односно одделни членови на Извршниот совет, како и за претресување и одлучување за колективна оставка и за оставка на претседателот или на одделни членови на Извршниот совет.

7. Предлозите за избор односно за именување на претседатели и членови на другите колегијални органи, освен на Извршниот совет, предлозите за именување на републички функционери и предлозите за избор на членови на органи на управувањето, што ги избира односно именува Собранието, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги упатува едновремено до Републичкиот собор, Соборот на општините и соборот на работните заедници во чиј делокруг спаѓа разгледувањето на прашањата од областа за која се врши изборот односно именувањето.

Со предлозите за избор односно именување од претходниот став, на Републичкиот собор, Соборот на општините и соодветниот собор на работните заедници им се доставува и мислењето на Извршниот совет.

Пред претресувањето на предлозите од став 1 од оваа точка во Републичкиот собор и Соборот на општините, овие предлози ги претресува на своја седница соодветниот собор на работните заедници и за своето мислење по нив го известува Републичкиот собор и Соборот на општините, како и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

8. Предлозите за избор и разрешување на претседател и судии на Уставниот суд на Македонија, претседатели и судии на Врховниот суд на Македонија и на другите судови што ги избира Собранието, предлозите за избор односно именување и разрешување на претседатели и членови на колегијалните органи, републички функционери и членови на органи на управувањето, што вршат функција односно што раководат со работата на републички орган на управата односно републичка организација во областите што спаѓаат во рамноправен делокруг на Републичкиот собор и Соборот на општините, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги упатува до Републичкиот собор и Соборот на општините.

9. Републичкиот собор и Соборот на општините, пред одлучувањето по предлозите од точка 7 став 1 од оваа одлука, се должни да го разгледаат и да заземат став по мислењето на соодветниот собор на работните заедници за тие предлози.

За претседател или член на колегијален орган, републички функционер или член на орган на управувањето од точка 7 став 1 од оваа одлука може да се избере односно именува само лице со чиј избор односно именување се согласиле Републичкиот собор и Соборот на општините и соодветниот собор на работните заедници.

Ако соодветниот собор на работните заедници се изјасни против предлогот за избор односно за именување на определено лице за претседател односно за член на колегијален орган, за републички функционер или за член на орган на управувањето, Комисијата за прашања на изборите и именувањата е должна да го разгледа мислењето на соборот на работните заедници, па ако и покрај таквото мислење на соборот на работните заедници остане при својот предлог, ќе им достави на Републичкиот собор, на Соборот на општините и на соодветниот собор на работните заедници свој образложен став во врска со мислењето на соборот на работните заедници. Комисијата својот став го утврдува по претходна консултација со претставници на трите собори. Секој собор определува по тројца претставници. Овие собори го претресуваат ставот на Комисијата.

Ако и по повторниот претрес не се постигне согласност, Републичкиот собор и Соборот на општините не можат да го изберат односно именуваат предложеното лице.

10. Одредбите од точка 7 и 9 од оваа одлука сходно се применуваат и во постапката за разрешување на претседатели и сите или одделни членови на колегијалните органи, републички функционери и членови на органи на управувањето од точка 7 став 1 од оваа одлука.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, заедно со предлозите од претходниот став, на Републичкиот собор и Соборот на општините и на соодветниот собор на работните заедници им доставува свое образложено мислење по тие предлози.

Републичкиот собор и Соборот на општините, пред одлучувањето по предлогот за разрешување на претседател и сите или одделни членови на колегијалните органи, по предлогот за разрешување на републички функционер и по предлогот за разрешување на член на орган на управувањето од точка 7 став 1 од оваа одлука, се должни да го разгледаат и да заземат став по мислењето на соодветниот собор на работните заедници за тие предлози.

Претседател или член на колегијален орган, републички функционер или член на орган на управувањето од точка 7 став 1 од оваа одлука може да биде разрешен само ако со разрешувањето се согласат Републичкиот собор и Соборот на општините и соодветниот собор на работните заедници.

Ако соодветниот собор на работните заедници се изјасни против предлогот за разрешување на претседател или член на колегијален орган, републички функционер или член на орган на управувањето од точка 7 став 1 од оваа одлука, Комисијата за прашања на изборите и именувањата е должна да го разгледа мислењето на соборот на работните заедници, па ако и покрај таквото мислење на соборот на работните заедници, остане при својот предлог, ќе им достави на Републичкиот собор, на Соборот на општините и на соодветниот собор на работните заедници свој образложен став во врска со мислењето на соборот на работните заедници. Комисијата својот став го утврдува по претходна консултација со претставници на сите собори. Секој собор определува по тројца претставници. Овие собори го претресуваат ставот на Комисијата.

Ако и по повторниот претрес не се постигне согласност, Републичкиот собор и Соборот на општините не можат да го разрешат лицето од точка 7 став 1 од оваа одлука за кое е поднесен предлог за разрешување.

11. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1532
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**149.**

Врз основа на член 100 и 111 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на група од десет пратеници, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Воислав Стојановски, пратеник на Соборот на општините.

2. За членови на Комисијата се избираат:

1. Раде Петровски, пратеник на Републичкиот собор;
2. Трајан Хиохи, пратеник на Републичкиот собор;
3. Фана Кочовска — Цветковиќ, пратеник на Републичкиот собор;
4. Ванчо Чучевски, пратеник на Републичкиот собор;
5. Благој Целцев, пратеник на Стопанскиот собор;
6. Сејфедин Сулејмани, пратеник на Просветно-културниот собор;
7. Д-р Владимир Костантиновски, пратеник на Социјално-здравствениот собор; и
8. Цветан Аврамовски, пратеник на Соборот на општините.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1446
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**150.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 39 и 136 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Крсте Марковски, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1467
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**151.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 137 и 138 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Евзи Мемети, пратеник во Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1468
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**152.**

Врз основа на член 14 од Одлуката за постојаните работни тела на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на својата седница, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Мандатно-имунитетната комисија се избираат пратениците:

а) за претседател: Киро Димитриоски;

б) за членови:

— Дане Цеков
— Панче Ајдински
— Ѓулен Махмут
— Абдула Укшини

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1567
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**153.**

Врз основа на член 3 и 44 став 2 и 3 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 23/67),

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## ЗА ПОСТОЈАНИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Републичкиот собор ги има следниве постојани одбори и комисии:

1. Одбор за општествено-економски односи;
2. Одбор за општествено-политички систем и народна одбрана;
3. Одбор за општествен план и финансии;
4. Одбор за буџет и фондови;
5. Одбор за индустрија, градежништво и сообраќај;
6. Одбор за земјоделство и шумарство;
7. Одбор за стоков промет, угостителство и туризам;
8. Одбор за урбанизам, станбени и комунални прашања;
9. Одбор за просвета, наука и култура;
10. Одбор за социјално-здравствени прашања;
11. Одбор за труд и трудови односи;
12. Мандатно-имунитетна комисија.

Член 2

Одборот за општествено-економски односи ги следи, претресува и проучува општите насоки за општествениот и стопанскиот развиток, како и системските прашања особено од областа на: формирањето и распределбата на вкупниот приход и доход; општествената репродукција; кредитно-монетарниот систем; девизниот и царински систем; даноците и таксите; цените, општата и личната потрошувачка, како и прашања од областа на развојот на недоволно развиените подрачја, внатрешниот и надворешниот промет, меѓународната поделба на трудот, интеграционите процеси и друго.

Член 3

Одборот за општествено-политички систем и народна одбрана ги следи, проучува и претресува прашањата за општественото самоуправување, организацијата на власта, комуналниот систем, организацијата и работата на органите на управата, правосудниот систем и правното застапување, изборниот систем, уставните права на граѓаните, месните заедници, печатот и другите видови информации, собирите на граѓани, правната положба на верските заедници, статистиката и евиденцијата.

Одборот ги следи и проучува прашањата од областа на внатрешните работи — јавната и државната безбедност, како и организацијата и мерките за народна одбрана и цивилната заштита.

Член 4

Одборот за општествен план и финансии ги претресува и проучува подготовките и предлозите на општествените планови и програми и го следи нивното извршување, прашањата од областа на општественото планирање, долгорочниот развиток на стопанството и општествените служби, осигурувањето на имоти и лица, јавните заеми, општественото книговодство, кредитното, банкарското и девизното работење.

Член 5

Одборот за буџет и фондови ги следи, претресува и проучува прашањата од областа на републичкиот буџет и републичката завршна сметка, буџетските фондови, дотациите, придонесите како и други прашања од областа на буџетите и буџетските фондови.

Член 6

Одборот за индустрија, градежништво и сообраќај ги следи, претресува и проучува прашањата во врска со организирањето и унапредувањето на производството во областа на индустријата, градежништвото, рударството, електростопанството и сообраќајот.

Член 7

Одборот за земјоделство и шумарство, ги следи, претресува и проучува прашањата од областа на организацијата и унапредувањето на производството во областа на земјоделството и шумарството, сточарството, рибарството, ловното стопанство, унапредувањето на земјоделското задругарство, кооперирањето, користењето на земјоделското и шумското земјиште, водостопанството, арондациите, мелиорациите, заштитата од ерозии, порои и др.

Член 8

Одборот за стоков промет, угостителство и туризам ги следи, претресува и проучува прашањата во врска со организирањето и унапредувањето на стоковниот промет, угостителството и туризмот, извозот и увозот, снабденоста на пазарот, како и цените и тарифите.

Член 9

Одборот за урбанизам, станбени и комунални прашања ги следи, претресува и проучува прашањата од областа на урбанизмот и регионалното планирање, станбената проблематика, градежното земјиште и прашањата од комунално-услужните дејности и занаетчиството.

Член 10

Одборот за просвета, наука и култура ги следи, претресува и проучува прашањата од областа на воспитувањето и образованието, науката, уметноста, културата, физичката и техничката култура.

Член 11

Одборот за социјално-здравствени прашања ги следи, претресува и проучува прашањата од областа на здравствената и социјалната заштита, старателството, заштитата на борците и инвалидите, како и други прашања од областа на здравството и социјалната политика.

Член 12

Одборот за труд и трудови односи ги следи, претресува и проучува прашањата од работните односи, распределбата на доходот и личните доходи, продуктивноста на трудот, социјалното осигурување, заштитата при работата и самоуправувањето во работните заедници.

Член 13

Секој одбор се состои од претседател и најмалку шест члена.

Член 14

Мандатно-имунитетната комисија:

— ги разгледува изборните акти и ги испитува примените жалби против изборот на одделни пратеници и на Соборот му поднесува извештај со предлог за потврдување или поништување на пратеничките мандати;

— ги испитува основите за престанок на одделен пратенички мандат пред истекот на времето за кое е избран пратеникот и на Соборот му поднесува извештај со предлог;

— ги претресува сите прашања во врска со имунитетот на членовите на Соборот и му поднесува извештај на Соборот, а ако Соборот не одржува седница, дава одобрение за лишување од слобода и за започнување на постапка односно за продолжување на кривичната постапка против член на Соборот, одлучува за воспоставувањето правата на членовите на Соборот и на Соборот му поднесува извештај со предлог;

Мандатно-имунитетната комисија се состои од претседател и четири члена.

Член 15

Со оваа одлука се заменуваат член 44 став 1 и членовите од 45—56 во Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на СРМ.

Член 16

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 1611
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**154.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 113 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Страшо Христов, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1543
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**155.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 37 и 113 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Ѓорѓи Георгиевски, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1544
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**156.**

Врз основа на член 46 и 112 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од претседателот на Соборот, Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Мандатно-имунитетната комисија се избираат пратениците:

а) за претседател: Ноне Варошлија,

б) за членови:

— Круме Тановски

— Феми Авзиу

— Кирил Семенковски

— Алексо Жупановски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1546
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**157.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 113 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Драги Тозија, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1570
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**158.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 37 и 113 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира Олга Филиповска, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1571
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**159.**

Врз основа на член 46 и 112 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од претседателот на Соборот, Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Мандатно-имунитетната комисија се избираат пратениците:

а) за претседател: Тоде Ѓоровски,

б) за членови:

— Љубомир Трајчев
— Оливера Крстева
— Осман Имери
— Сретен Спасовски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1566
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**160.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 36 и 113 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира д-р Никола Христов, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1547
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**161.**

Врз основа на член 154, став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 37 и 113 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на група од 10 пратеници на Соборот, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира д-р Марика Сотировска — Сирвини, пратеник на Соборот.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1548
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**162.**

Врз основа на член 46 и 112 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог од претседателот на Соборот, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Мандатно-имунитетната комисија се избираат пратениците:

а) за претседател: д-р Никола Марковски

б) за членови:

— д-р Драги Илиевски,
— д-р Димитар Гошев,
— Виолета Арсенска, и
— Орде Кузмановски.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1550
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**163.**

Врз основа на член 144 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Соборот на општините, до донесувањето на својот Деловник, ќе работи според Деловникот на Собранието и со сходна примена на одредбите од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1497
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**164.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за начинот на работата на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и сходно член 136 од Деловникот на Републичкиот собор, по предлог на група од десет пратеници на Соборот, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира пратеникот Филип Брајковски.

2. Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1495
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**165.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за начинот на работата на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и сходно член 136 и 137 од Деловникот на Републичкиот собор, по предлог на група од десет пратеници на Соборот, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира пратеникот Петрит Муча.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1494
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**166.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за начинот на работата на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и сходно член 56 од Деловникот на Републичкиот собор, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 6 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНАТА КОМИСИЈА НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Мандатно-имунитетната комисија на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат пратениците:

а) за претседател Бранко Стојановски-Руле.

б) за членови:

1) Мустафа Абединовски,
2) Величковски Стојан,
3) Софрониоски Лазе,
4) Стефанов Кирчо.

2. Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1496
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**167.**

Врз основа на член 99 и 100 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Комисијата за општествен надзор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија има претседател и дванаесет членови.

Претседателот и осум членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по двајца членови делегираат Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија.

2. За претседател на Комисијата се избира Фана Кочовска — Цветковиќ, пратеник на Републичкиот собор.

За членови на Комисијата се избираат:

1) Дане Цеков, пратеник на Републичкиот собор;
2) Илија Сипковски, пратеник на Републичкиот собор;
3) Дојчин Апчевски, пратеник на Републичкиот собор;
4) Шабан Ќемаљи, пратеник на Републичкиот собор;
5) Јован Даскаловски, пратеник на Стопанскиот собор;
6) Глигор Тренчевски, пратеник на Просветно-културниот собор;
7) Димитар Гошев, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
8) Петар Трајановски, пратеник на Соборот на општините.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1533
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**168.**

Врз основа на член 100 и 125 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира д-р Владимир Митков, пратеник на Соборот на општините.

2. За членови на Комисијата се избираат:

а) Од редот на пратениците:

1) Киро Михајловски, пратеник на Републичкиот собор;
2) Дојчин Апчевски, пратеник на Републичкиот собор;
3) Стојан Трендов, пратеник на Републичкиот собор;
4) Илија Адамовски, пратеник на Републичкиот собор;
5) Абдула Османи, пратеник на Републичкиот собор;
6) Љупчо Самоников, пратеник на Републичкиот собор;
7) Томе Малески, пратеник на Стопанскиот собор;
8) Тоде Ѓорески, пратеник на Просветно-културниот собор;
9) Душан Михајловски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
10) Мишев Мишко, пратеник на Соборот на општините.

б) Од редот на стручњаците во областа на правото:

1) Тодор Грујовски, судија на Вишиот стопански суд;
2) д-р Стефан Ѓоргиевски, доцент на Правниот факултет;
3) д-р Стрезо Стрезовски, вонреден професор на Правниот факултет;
4) Тодор Анастасов, судија на Врховниот суд на Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1535
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**169.**

Врз основа на член 99 и 100 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРАШАЊА НА ОДНОСИТЕ СО СТРАНСТВО НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Комисијата за прашања на односите со странство на Собранието на Социјалистичка Република Македонија има претседател и 14 членови.

Претседателот и седум членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а седум членови се избираат од редот на јавните работници.

2. За претседател на Комисијата се избира Томе Буклески, пратеник на Републичкиот собор.

За членови на Комисијата се избираат:

а) Од редот на пратениците:

1) Златко Билјановски, пратеник на Републичкиот собор;
2) Крсте Марковски, пратеник на Републичкиот собор;
3) Ванчо Апостолски, пратеник на Републичкиот собор;
4) Ѓеорги Ѓеоргиевски, пратеник на Стопанскиот собор;
5) Димитар Шопов, пратеник на Просветно-културниот собор;
6) д-р Мифтар Курти, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
7) Фируз Демир, пратеник на Соборот на општините.

б) Од редот на јавните работници:

1) Владо Малевски, претседател на Републичката комисија за културни врски со странство;

2) Милан Ѓурчинов, книжевен критичар;

3) Морис Шами, потпретседател на Стопанската комора на Македонија;

4) Христо Андонов, новинар;

5) Ахил Тунте, главен уредник на РТВ;

6) Музафер Туфаи, општествено-политички работник;

7) Милка Калајџиска, професор;

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1537
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**170.**

Врз основа на член 99 и 100 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлогот од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

### ЗА СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Комисијата за претставки и поплаки на Собранието на Социјалистичка Република Македонија има претседател и 10 членови.

Претседателот и седум членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по еден член делегираат Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите на Македонија и Републичкиот одбор на Здруженијата на борeчките организации.

2. За претседател на Комисијата се избира Павле Игновски, пратеник на Републичкиот собор.

За членови на Комисијата се избираат:

1) Ванчо Цветковски, пратеник на Републичкиот собор;

2) Јанаќи Мицев, пратеник на Републичкиот собор;

3) Боро Мокров, пратеник на Републичкиот собор;

4) Сефедин Демири, пратеник на Стопанскиот собор;

5) Вера Божиновска, пратеник на Просветно-културниот собор;

6) Д-р Блаже Милошевски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;

7) Стојан Величковски, пратеник на Соборот на општините.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1534
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**171.**

Врз основа на член 100 и 128 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА АДМИНИСТРАТИВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Административната комисија се избира Садик Садику, пратеник на Соборот на општините.

2. За членови на Комисијата се избираат:

1) Ацо Ристевски, пратеник на Републичкиот собор;

2) Спирко Ангеловски, пратеник на Републичкиот собор;

3) Шукри Рамо, пратеник на Републичкиот собор;

4) Тодорка Спировска, пратеник на Републичкиот собор;

5) Најдо Ристоски, пратеник на Стопанскиот собор;

6) Ристо Богески, пратеник на Просветно-културниот собор;

7) д-р Миле Миланов, пратеник на Социјално-здравствениот собор;

8) Душко Гиговски, пратеник на Соборот на општините.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1536
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**172.**

Врз основа на Уставниот амандман VI, точка 1, став 3 алинеја 7 и точка 4 и 5 од Одлуката за постапката за избор односно именување и разрешување на претседатели и членови на колегијалните органи, републички функционери и членови на органи на управувањето од надлежноста на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се избира Извршен совет во состав:

а) За претседател д-р Ксенте Богоев.

б) за членови:

1. Славка Георгиева;

2. Јездимир Богдански;

3. д-р Љупчо Гроздев;
4. Драган Захариевски;
5. Азем Зулфиќари;
6. Фахри Мехмед — Каја;
7. инж. Ѓорѓи Оровчанов;
8. Младен Павловски;
9. Анте Поповски;
10. Мориц Романо;
11. д-р Никола Узунов;
12. Стојан Ќосев.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1621
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**173.**

Врз основа на Уставниот амандман II став 1 и Уставниот амандман VI точка 1 став 3 алинеја 7, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и претходното мислење на Извршниот совет,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ

I

Поради истечување на времето за кое се именувани, се разрешуваат досегашните републички секретари и тоа:

ДРАГАН ЗАХАРИЕВСКИ, републички секретар за финансии;

ДИМИТАР ГЕРАСИМОВСКИ, републички секретар за народно здравје и социјална политика; и

ВАНЧО НИКОЛОВСКИ, републички секретар за индустрија и трговија.

II

Поради заминување на нова должност се разрешува ТАИП ТАИПИ, досегашен републички секретар за правосудство.

III

За републички секретари се именуваат и тоа:

за републички секретар за народна одбрана полковникот МЕТОДИЈА СТЕФАНОВСКИ, досегашен републички секретар на истиот Секретаријат;

за републички секретар за внатрешни работи ИВАН ГИНОВСКИ, досегашен републички секретар на истиот Секретаријат;

за републички секретар за правосудство ДИМЧЕ КОЗАР, досегашен потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи;

за републички секретар за образование, наука и култура ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ, досегашен републички секретар на истиот Секретаријат;

за републички секретар за народно здравје и социјална политика д-р ВУЛНЕТ СТАРОВА, досегашен лекар-специјалист во Клиниката за детски болести во Скопје;

за републички секретар за труд ВИТЕ ИСИЈАНОВСКИ, досегашен републички секретар на истиот Секретаријат;

за републички секретар за финансии АНДОН МАКРАДУЛИ, досегашен директор на Службата за општествено-книговодство — Филијала Битола;

— за републички секретар за индустрија и трговија инж. СТОЈАН МАТКАЛИЕВ, досегашен потпретседател на Стопанската комора на Македонија;

за републички секретар за земјоделство и шумарство, инж. ТРАЈКО АПОСТОЛОВСКИ, досегашен републички секретар на истиот Секретаријат;

за директор на Републичкиот завод за општествено планирање ПАВЛЕ ТАСЕВСКИ, досегашен директор на истиот Завод.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1619
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**174.**

Врз основа на Уставниот амандман VI точка 1, став 3, алинеја 7 и член 4 став 3 од Законот за образување Главен штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Извршниот совет, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАЧАЛНИК НА ГЛАВНИОТ ШТАБ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За началник на Главниот штаб за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија, се именува генерал-мајор Петар Пепељуговски, досегашен началник на истиот Штаб.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 1618
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**175.**

Врз основа на Уставниот амандман VI, точка 1, став 3, алинеја 7 и член 287 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 7 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува МИРЕ ДОНОВСКИ, досегашен секретар на истото Собрание.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1623
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**176.**

Врз основа на Уставниот амандман II, став 1 и Уставниот амандман VI, точка 1, став 3, алинеја 7, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и по претходно мислење на Извршниот совет,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Републичкиот собор и Соборот на општините, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ**

За секретар на Извршниот совет се именува НИКОЛА БАКУЛЕВСКИ, досегашен секретар на истиот Совет.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1622
7 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**177.**

Врз основа на член 289 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 7 мај 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За секретар на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Илија Беличанец, досегашен секретар на истиот Собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1565
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**178.**

Врз основа на член 1 од Одлуката за начинот на работата на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и сходно член 289 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За секретар на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Радослав Славевски, досегашен советник на собор на Собранието.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1498
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**179.**

Врз основа на член 289, став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За секретар на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Мицко Симеонов, досегашен секретар на истиот Собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1545
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**180.**

Врз основа на член 289, став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 7 мај 1969 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За секретар на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Киро Ефремов, досегашен секретар на истиот Собор.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1549
8 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**181.**

Врз основа на материјалот за реализацијата на заклучоците по техничката култура во СРМ, донесени од Собранието на СРМ во 1967 година,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 21 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 28 април 1969 година, врз основа на член 158 и 160 од Деловникот на Собранието на СРМ, ги донесоа следните

## МЕРКИ ЗА НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во идниот период во Републиката треба поинтензивно да се развива масовната техничка култура, која луѓето, а особено децата и младината, ќе ги воведува во светот на науката и техниката. Развивањето на масовната техничка култура треба да придонесе за подигање на личниот и општествениот стандард на работните луѓе. Потребно е да се создаваат поповолни услови за развој на масовната техничка култура: јакнење дејноста на организациите од областа на техничката култура, натамошно унапредување на наставно-образовниот процес од областа на науката и техниката и др.

2. Во идниот период посебно треба да се решава проблемот за создавање на кадри што ќе ја развиваат техничката култура. За таа цел да се изготви проект за образување на наставнички кадри за техничка култура на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Профилот на овие кадри треба да го овозможи развивањето на техничката култура врз база на научните принципи и природно-математичките законитости. Овие кадри се неопходни за спроведување на наставата по општотехничко образование во вториот степен на образованието.

Исто така, треба да се прошират можностите на Педагошката академија во Скопје за образување на кадри за наставата по ОТО, како и да се проучи можноста за основање на катедри по ОТО на педагошките академии во Битола и Штип.

3. Во идниот период треба да се оствари процес на интегрирање на техничката култура во развојот на општата култура во Републиката. За оваа цел посебно можат да придонесат домовите на културата што ќе се градат во СР Македонија. Во овие домови треба да се обезбедат основните услови за развој на масовната техничка култура, како и за унапредување на техничкото творештво меѓу децата и младината, а посебно за стимулирање на млади научни таленти. Домовите на културата треба да претставуваат центар за развивање на научната и техничката мисла, преку ангажирање на најпознатите научни и стручни институции, вклучувајќи ја и Македонската академија на науките и уметностите.

4. Во идниот период, преку подготвување на среднорочниот план, да се обезбеди третман на техничката култура. За таа цел во среднорочниот план да се програмираат стандарди за застапување на техничката култура преку комуналната и станбената изградба, подигање на објекти од општествениот стандард, како и при изградбата на нови училишни објекти и центри за рекреација.

5. Посебно значење техничката култура има во подборот и стимулирањето на младите научни таленти. Оттука при донесувањето на Законот за млади таленти, од страна на Собранието на СР Македонија, да се предвиди потребата од поголемо и помасовно организирање на олимпијади во областа на техниката и природните науки и за децата и младината, средби и техничкото творештво, технички демонстрации, студиски патувања, изведба на истражувачки проекти и друго. За оваа цел треба да се предвидуваат посебни средства во фондови за финансирање на образованието како и во Фондот за развојот на талентирани млади луѓе.

6. Собранието, преку Извршниот совет, треба да го овозможи натамошниот развој на пронаоѓаштвото и техничките унапредувања, кои се интегрален дел на стопанскиот развој и техничката култура. Потребно е да се создадат услови за развој на пронаоѓачи и автори на технички унапредувања, документациски служби, служби за техничка и правна помош на пронаоѓачите, со цел да се забрза процесот на формирањето на нови идеи до нивната реализација во практиката.

7. Во иднина Републичкиот, Просветно-културниот и Стопанскиот собор треба да разгледуваат поспецифични проблеми од областа на техничката култура, како што се: развојот на наставата по општотехничко образование, техничката култура и народната одбрана, техничката култура во стручното оспособување и преквалификациите, објекти за техничка култура и др.

8. При Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија треба да се образува тело за техничка култура. Задачите на ова тело (одбор) ќе биде да ја следи проблематиката од областа на развојот на техничката култура и да предлага мерки за нејзиното унапредување.

9. При општинските собранија, треба да се формираат совети за техничка култура, што ќе се грижат за развој на техничката култура во комуните, особено во месните заедници.

10. Да се испита можноста при општински собранија да се формираат посебни фондови за финансирање на техничката култура.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1613
8 мај 1969 година
Скопје

| Претседател на Просветно-културниот собор, **Драги Тозија**, с. р. | Претседател на Републичкиот собор, **Крсте Марковски**, с. р. |
|---|---|

---

**182.**

Врз основа на материјалот за реализацијата на заклучоците на физичката култура во СРМ, донесени од Собранието на СРМ во 1967 година,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 28 април 1969 година и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 28 април 1969 година, врз основа на чл. 158 и 160 од Деловникот на Собранието на СРМ, ги донесоа следните

## МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I.

1. Собранието на СР Македонија повторно ги актуелизира заклучоците донесени во 1964 и 1965 година, и поддржувајќи ги ставовите на Резолуци-

јата на Сојузната скупштина за натамошниот развој на физичката култура, укажува на потребата од утврдување перспективна програма за развој на физичката култура и нејзиното вклучување во среднорочниот општествен план на Републиката за периодот од 1971—1975 година.

Перспективната програма треба да биде основа за долгорочно и реално согледување на развојот на унапредувањето на физичката култура во идниот период и нејзиното усогласување со општествено-економскиот развиток на СР Македонија.

2. Проблемите во врска со материјалната основа на физичката култура се мошне актуелни. Нужно е финансирањето на натамошниот развиток и дејностите на физичката култура да се поврзат со порастот на општествената материјална база и националниот доход.

Фондовите на заедниците на образованието, средствата за развиток на туризмот, фондовите на детската заштита, фондовите за уредување на градското земјиште и комуналните и други соодветни фондови и натаму треба да бидат значајни извори на средства за финансирање на дејностите и за развиток на физичката култура во согласност со општествените планови.

Таква улога треба сè повеќе да добиваат и фондовите на здравственото и социјалното осигурување.

Извор на средства за физичката култура се и соодветните фондови на работните организации, особено во создавањето услови за развој на физичката култура и за рекреација на работните луѓе.

Средствата од „Спортската прогноза" и „Лото" и натаму треба да се користат исклучиво за инвестициона изградба на објекти и терени за физичка култура.

3. При изработката на урбанистичките планови во натамошната урбанизација на населбите, задолжително да се обезбедат потребните површини за објектите и терените за физичка култура и површини за игра и рекреација на децата и возрасните.

Проектите на училишните згради што ќе се градат, задолжително да содржат потребен број сали и терени за наставата по физичко воспитување и слободните активности.

Во постојните училишни згради да се предвиди изградба на сали и терени за наставата по физичко воспитување.

Општинските собранија, непосредните инвеститори да посветат поголема грижа за реализација на претходните прашања.

4. Проблемите на наставничките кадри во областа на физичката култура сè уште претставуваат едно од суштествените прашања за натамошниот развој и унапредување на образовно-воспитниот процес во училиштата, општествените организации за физичка култура и работните организации.

Остварувањето на општествените задачи во физичката култура во голема мера зависи и од бројот и квалитетот на работата на стручните кадри, од нивното усовршување и подобро користење, поради што е нужно да се обезбеди поинтензивно школување на наставнички кадри, а постојните кадри да го дооформат и усовршат своето образование преку Вишата школа за физичка култура. Материјалната и кадровската основа на оваа единствена кадровска институција за физичка култура во Републиката да се зајакне и да се создадат услови таа да прерасне во висока школа за физичка култура.

На ова прашање постојната Меѓусоборска комисија за високото школство да му посвети посебно внимание.

5. Училиштата и другите установи за образование и воспитување се одговорни за физичкото воспитување на децата и младината, како составна компонента на образованието и воспитувањето. Нужно е физичкото воспитување во училиштата да стане поактуелно и поефикасно и да не се спроведува само како настава, туку тоа да биде составен дел и на воннаставните активности, а програмите на физичкото воспитување да се усогласат со современата концепција за физичката култура и со потребите и можностите на учениците.

Одделно внимание да се посвети на создавање материјална основа за развој на физичката култура на Универзитетот и за застапување на наставата по физичко воспитување на сите високошколски образовни институции.

6. Здравствената состојба на децата и младината во училиштата покажува висок процент на телесни деформитети, што е загрижувачка појава. На голем број ученици им е потребна стручна помош за отстранување на деформитетите преку „корективна гимнастика" во специјализирани институции или соодветни центри.

При донесувањето на законот за здравствената заштита да се имаат предвид и потребите во областа на физичката култура.

7. За поуспешен развој на физичката култура во општините би требало да постојат посебни совети надлежни за работите на физичката култура во општината.

Општинските собранија и во иднина треба да обезбедуваат материјални предуслови за побрз развој на физичката култура.

8. Постојните природни услови во Републиката и создадената материјална основа, даваат можност и погодни услови за поврзување на туризмот со спортот и активностите во областа на физичката култура.

Заинтересираните фактори треба да се ангажираат за соодветно третирање на спортскиот туризам.

II

9. Нужно е да се испита потребата од донесување на закон за финансирање на дејностите од областа на физичката култура, со што би се создале стабилни и постојани извори за перманентен развој на физичката култура.

10. Да се преиспита нормативната застапеност на областа на физичката култура во нормативните регулативи во другите општествени подрачја. Повеќе прашања од областа на физичката култура можат и треба да бидат решени со закони и други нормативни акти во областа на образованието, здравството, комуналните работи, работните односи и др.

11. Професионализмот во спортот мошне негативно се одразува врз развојот на физичката култура и лошо влијае врз физичкото воспитување и врз спортот на младината. Нужно е да се преземат мерки за регулирање статусот на професионалните организации.

III

Организационата поставеност на органите и институциите за физичка култура во Републиката не се поставени адекватно па затоа е нужно следното:

12. Прашањето за управната ингеренција од областа на физичката култура треба да се проучи во рамките на целокупната организација на републичката управа и да се предложи формирање на најадекватен орган на управата во оваа област.

13. Обединувањето на наставната и научната работа во областа на физичката култура е императив, кој укажува на потребата од прераснување на вишата фискултурна школа во високонаучна наставна установа и создавање на можност за ната-

мошна интеграција со Заводот за физичка култура, при што кадровски и материјално ќе зајакнат и ќе можат во доволна мера успешно и квалитетно да работат на образувањето на наставнички кадри за сите потреби во областа на физичката култура и да вршат научно-истражувачка работа според потребите на Републиката.

14. Натамошното постоење на Републичката комисија за физичка култура, онака како што е сега поставена, е нецелисходно и неодржливо во системот на самоуправувањето и ингеренциите што ги имаат. Затоа Комисијата би требало да се укине, а нејзините ингеренции да ги преземат делумично Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура и другите органи и организации од областа на физичката култура, а грижата и политиката за развојот на физичката култура да ја води Републичкото собрание. Обединувачките работи, пак, во однос на фискултурата како општествена дејност, треба да ги врши Сојузот на фискултурните организации на Македонија.

15. Политиката за развојот на физичката култура ќе ја насочуваат Собранието на СР Македонија и неговите тела. Собранието може да образува и свое посебно тело (одбор или комисија) што ќе се занимава со проблемите на физичката култура.

16. На општествените организации во областа на физичката култура постојано да им се укажува кадровска и материјална помош, за да можат поуспешно да работат на развојот на физичката култура.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1612
8 мај 1969 година
Скопје

| Претседател на Просветно-културниот собор, | Претседател на Републичкиот собор, |
|---|---|
| **Драги Тозија,** с. р. | **Крсте Марковски,** с. р. |

---

**183.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на Стопанскиот и Просветно-културниот собор, одржана на 17 мај 1968 година, го претресоа материјалот — Кадри во земјоделството и шумарството и врз основа на член 158 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 21 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 28 април 1969 година, ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

### ВО ВРСКА СО МАТЕРИЈАЛОТ „КАДРИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО“

Системот на земјоделско-шумарското образование по бројот, видот и организационата поставеност на институциите за земјоделско-шумарско образование, како и по организацијата на наставно-воспитниот процес не е целосно усогласен со општествените потреби и со стопанскиот развиток на Републиката.

Проблемите што го следат развитокот на земјоделско-шумарското образование и предлозите за нивно решавање се следните:

1. Развитокот на системот на средното земјоделско-шумарско образование го карактеризира извесна стихијност што е резултат на притисокот што го вршат свршените ученици на основното училиште за продолжување на образованието и од тенденцијата на свршените земјоделско-шумарски техничари за продолжување образованието на високошколските установи.

За решавање на овој проблем е потребно, системот на средното земјоделско-шумарско образование да се развива и усовршува според сегашните и идните потреби на земјоделско-шумарското стопанство. Затоа, работните организации со помош на научните институции, институциите за образование, заедниците на образованието, општествено-политичките заедници, Стопанската комора на СРМ и други, треба да му посветат сериозно внимание на планирањето на образовните потреби на различни нивоа.

2. Отворениот процес за интеграција на земјоделско-шумарското образование со работните организации во земјоделството и шумарството, како и со реформата на стопанството се постави во остра форма, поради недоволната заинтересираност бавно се одвива.

За забрзување на овој процес, покрај потребата за средување на економската положба на работните организации и подобрување на квалификационата структура на запослените работници, посебно внимание треба да му се обрне на проблемот на односот на работните организации кон образованието на кадрите.

На тој план работните организации во иднина треба да обезбедат поцврсто поврзување со институциите за стручно образование преку обезбедување стручњаци на наставници, материјални средства, објекти и услови за изведување на практична настава, стипендирање на кадрите и нивно вклучување во работа. Утврдувањето на профилите на кадрите и изготвувањето на наставните планови и програми треба да претставува посебна грижа на работните организации. Од друга страна институциите за образование, треба да продолжат со напорите за поголема соработка со работните организации.

Реализирањето на овој заклучок е можно, само со помош на научните институции, институциите за образование, заедниците на образованието, општествено-политичките заедници, а особено со помош на Стопанската комора.

Со Законот за финансирање на образованието и воспитувањето се отвори процес за брзо решавање на постојните проблеми во системот на образованието. Меѓутоа, овие процеси сé уште се во почетна фаза. Иницијативата на Стопанската комора на СРМ за формирање гранска заедница за финансирање на земјоделското образование остана нереализирана поради слабиот одзив на стопанството и недоволното залагање на институциите за земјоделско-шумарско образование.

Тежината на проблемот бара вложување на поголеми напори за поскоро формирање на гранска заедница за финансирање на земјоделско-шумарското образование.

3. Системот на земјоделско-шумарското образование по својата програмско-наставна структура е насочен кон подготвување кадри со тесни струки и профили.

Во согласност со тезите за усовршување системот на образованието во СФРЈ, треба да се зголемат содржините на општото образование, како база за стручно оспособување. Таквото образование ќе придонесе за подобро усвојување на специјалните знаења, скратување на времето за специјализација, побрза и полесна преквалификација на кадрите и ќе отвори широки перспективи за натамошно перманентно образование. Во оваа смисла треба да се пристапи кон измена на наставните планови и програми.

4. Мрежата на средните училишта и училиштата за квалификувани работници за земјоделството и шумарството, треба да се реорганизира во правец на формирање поголеми центри за образование на земјоделско-шумарски кадри во кои ќе се оспособуваат техничари од различни профили вклучително и квалификувани работници. Се предлага да се намалува бројот на учениците за техничари, а да се зголеми бројот на квалификуваните работници.

Со оглед на важноста на стопанисувањето со пасиштата, се предлага зајакнување на наставата по овој предмет во средните училишта и на високошколските институции, како и доосспособување на постојните кадри по пат на курсеви и специјализација.

Еден значаен дел од запослените работници во земјоделството и шумарството е со недоволни квалификации, а институциите за образование на овие кадри не се соодветно организирани, ни доволно прилагодливи спрема потребите на општествениот и индивидуалниот сектор.

Овие проблеми можат да се решат ако постојните земјоделско-шумарски училишта ја прошират својата дејност со формирање паралелки за образование на кадри, организирање на вонредно школување на запослените работници со повремени консултации и со организирање на посистемни вонучилишни форми за стручно усовршување.

5. Поголем дел од земјоделските површини се во рацете на индивидуалните производители, кои поради својата недоволна земјоделска култура тешко ги прифаќаат новите агро-зоотехнички мерки, кооперацијата и друго. Од друга страна секоја година околу 4.000 свршени ученици на основното училиште предимно од селата остануваат вон мрежата на установите за средно образование. Тие се вклучуваат во индивидуалното земјоделско стопанство. Но, вака вклучени во селскостопанското производство поради нивната недоволна стручна подготовка, производството останува екстензивно и недоволно доходно.

За да се создаде можност учениците на основното училиште во земјоделските подрачја да се здобијат со основни знаења од земјоделската наука, а со тоа и да се ориентираат кон земјоделското производство нужно е да се воведе предмет земјоделство во основното училиште, а за свршените ученици да се формираат постојани курсни паралелки во периодот декември—февруари при осумгодишните основни училишта во поразвиените земјоделски подрачја. Во паралелките, освен изучување на предмети од областа на земјоделската наука, да се прошират и знаењата од домаќинство. За почеток да се отпочне со организирање на ваква настава во најмалку 100 основни училишта. Постојаните курсни паралелки би се формирале со помош на комуните, земјоделските училишта, задругите, заедниците за образование и другите заинтересирани фактори, Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура да донесе посебен акт за регулирање работата на овие паралелки.

6. Бројот на учениците во училиштата на земјоделско-шумарско образование е поголем од постојните капацитети на училиштата, поради што лабораториите и кабинетите во одделни училишта се претворени во училници. Некои од училиштата или не располагаат со економии за изведување на практична настава или доколку располагаат тие по обем се недоволни. Покрај ова, во изведувањето на наставно-воспитниот процес проблем претставува и недоволната методска-педагошка подготовка на наставниците по стручните предмети. Ваквата положба наметнува потреба од сообразување запишувањето на учениците со училишните капацитети а на установите за земјоделско образование, кои не располагаат со економии за изведување на практична настава основачите треба да им доделат соодветни површини.

Републичкиот завод за школство треба да преземе мерки за методско-педагошко оспособување на наставниците по стручните предмети (инженери и техничари).

7. Подготвувањето на високостручни и средни кадри за земјоделството досега се врши само за општествениот сектор. Неодржливо е веќе толерирањето на постојната положба, мрежата за школување на земјоделски кадри, да создава стручњаци само за општествениот сектор, туку треба да се изнаоѓаат нови форми, преку кои, земјоделските стручњаци ќе го наоѓаат своето место и во индивидуалниот сектор, при што треба да се решава нивниот статус и сé друго што може да ги стимулира и самите стручњаци за запослување во индивидуалното земјоделство.

8. Постојната мрежа на високи и виши школи институции за школување кадри за земјоделството треба да се усогласи со потребата за создавање на земјоделски стручњаци со соодветни профили и степени на образование, во согласност со општите интеграциони процеси кои се одвиваат во стопанството, а посебно во земјоделството.

Во таа насока се препорачува да се отворат интеграциони процеси и во овие школски институции. Преку директното ангажирање на колективите на институциите и нивните самоуправни органи како и со учество на асоцијациите на земјоделските работни организации, да се изнајдат и да се применат најадекватни интеграциони форми.

Ваква препорака е во согласност со една од најважните интенции на среднорочната програма за развиток на образованието до 1970 година што се однесува на рационализација на високошколското образование.

9. Прашањето за квалитетот на наставниот кадар е особено актуелно. Потребно е, да се пристапи кон поенергично отстранување на оној кадар кој не ги исполнува потребните услови, со што ќе се отворат можности за пристап на млади и способни луѓе.

10. Брзиот напредок на науката, императивно ја налага потребата од перманентно усовршување на високите и вишите кадри. Земјоделско-шумарскиот факултет треба да предложи адекватни форми за оваа цел, а стопанството да го преземе финансирањето.

11. До 1972 година се предвидува изградба на мелиоративни системи за наводнување на 126.263 хектари обработлива површина. За рационално искористување на површините што ќе ги опфатат системите за потребни стручни кадри. Оттука се предлага:

— на високите, вишите и средни школски институции за земјоделски кадри на сите насоки на кои се подготвуваат кадри за растително производство да се ревидираат наставните планови и програми во смисла на зголемување на обемот на наставните дисциплини од областа на агротехниката во услови на наводнување, техника на наводнување и хидромелиоративните науки,

— постојните земјоделски кадри, кои работат на површините опфатени со системите да се оспособат преку курсеви со различен рок на траење и специјализација при Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје,

— лица што ќе се занимаваат со научно-испитувачка работа од областа на мелиорациите да се оспособуваат преку постдипломски студии на Земјоделскиот факутет во Нови Сад.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1581
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот собор,
**Драги Тозија**, с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
**Ќемал Сејфула**, с. р.

**184.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седниците на Републичкиот собор и на Стопанскиот собор, одржани на 28 април 1969 година, по претресот на материјалите: „Годишен извештај за финансирањето и извршувањето на работите на мелиоративните системи во СР Македонија чија изградба се финансира со учество на федерацијата за 1968 година“ и „Информација за користење на системите за наводнување и одводнување“, а врз основа на член 158 став 1 и 2 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на Законот за финансирање на мелиоративните работи во Социјалистичка Република Македонија, на подрачјето на Републиката се изведени и се изведуваат шест крупни мелиоративни системи со кои се извршува мелиорирање на преку 144.000 ха земјоделски површини, што претставува повеќе од 21% од вкупните такви површини во Републиката.

Со својот обем на инвестициони вложувања, што изнесуваат над 137 милијарди динари, како и со интензитетот на проблемите што се решаваат со тие вложувања и крупните економски ефекти што се добиваат со нив, овие системи стануваат еден од најкрупните и основни стопански проблеми и инвестициони зафати во Републиката, чие успешно решавање претставува основен предуслов за полно активирање и искористување на постојните производни потенцијали и натамошно развивање и интензивирање на земјоделското производство и сé што се надоврзува на тоа. Ова е единствена инвестиција што е до крај решена и регулирана со законски акти.

Оттука и посебната заинтересираност и грижа на Републиката како целина и на Собранието посебно за успешна и навремена изградба на наведените системи и создавање услови за нивното користење.

Имајќи го предвид ваквото значење на системите кои се делумно веќе изградени, во овој период е нужно да се преземаат соодветни мерки. Затоа, врз основа на претресените материјали, дискусиите на седниците на одборите на Републичкиот и Стопанскиот собор, како и дискусиите на Републичкиот и Стопанскиот собор, соборите заклучија:

1. Оценките на Извршниот совет при разгледувањето на проблемите сврзани со финансирањето на мелиоративните системи во СРМ претставуваат реална основа за решавање на овие проблеми. Заклучоците што ги донесе Извршниот совет истовремено обезбедуваат реално согледување на проблемите и изнаоѓање такви решенија, кои обезбедуваат натамошно изградување и довршување на овие системи. Поради тоа, соборите им даваат полна поддршка на овие заклучоци и очекуваат Извршниот совет да поднесе извештај или соодветни предлози на соборите.

2. За успешно ефектуирање на изградените мелиоративни системи е потребно на сите подрачја од тие системи да се забрза процесот на окрупнување на земјоделските работни организации и нивното оспособување, а посебно на Кочанското и Струмичкото подрачје. Покрај надлежните органи, за успешно извршување на сево ова се очекува интензивно да се вклучат земјоделските производни организации, преработувачки и други организации, општествено-политичките заедници, Стопанската комора на Македонија и други асоцијации што се заинтересирани за унапредување на земјоделството.

3. Во подрачјата на мелиоративните системи постои индивидуален посед кој е мошне иситнет и претставува, а тоа ќе биде така и во иднина, голем проблем за рационално користење и ефектуирање на системите. Затоа се наметнува потребата од побрзо проширување и јакнење на кооперативните односи меѓу индивидуалните производители и земјоделските организации, како носители на зголеменото земјоделско производство.

4. Посебен проблем во оптимализацијата на користењето и ефектуирањето на системите претставуваат постојните нерешени правно-статусни проблеми во однос на правната положба, управувањето и стопанисувањето на системите како посебни стопански објекти, како и во однос на правата и обврските на корисниците на водата. Оттаму е потребно да се забрза процесот на проучување и донесување на соодветни прописи што ќе ја регулираат оваа материја. Во оваа смисла посебно внимание треба да му се посвети на спречувањето на натамошното иситнување на земјоделскиот посед, правото на службеност и премин, задолжително вклопување во производно-технолошките планови на одредени реони, агротехнички мерки и друго.

5. Зголеменото примарно производство, како резултат од изградбата и користењето на системите, наметнува посебен проблем во врска со прифаќањето и реализирањето на производството во системите. Во таа смисла работните организации ќе треба побрзо да се прилагодат кон новите услови на производството и пазарот. Основни предуслови за реализирањето на овој зафат се: деловната соработка, интегрално решавање на проблемите во рамките на примарното производство, преработката и прометот во одделни производни региони и гранки и натамошното комплетирање на изградбата на системите со придружни и други објекти.

6. Заостанува организиран пристап кон обезбедување учество во изградба на подробната каналска мрежа. Ова особено се однесува на делниците што ги покриваат површините во кои преовладува индивидуалниот посед. Во таа смисла се потребни напори од сите надлежни органи, а посебно од работните организации, општинските собранија и други органи заинтересирани за изградбата и користењето на подробната каналска мрежа.

7. Во врска со кредитните услови за финансирање на подробната каналска мрежа надлежните органи треба да ги проучат условите за роковите и каматните стапки на средствата со кои учествува Југословенско-земјоделската банка и да се изнајдат најадекватни решенија.

8. Сé уште постојат проблеми во поглед на наплатувањето на надоместоците за користење на системите. Наплатувањето не е редовно и затоа извршувањето на задачите, сврзани со одржувањето и експлоатацијата на системите, е отежнато. Надлежните органи ќе треба да преземаат мерки што ќе обезбедат редовно наплатување на надоместокот за користење на системите односно редовно снабдување на корисниците со вода.

9. За спроведувањето на ставовите изнесени во овие заклучоци се очекува соодветните работни организации, нивните асоцијации и општинските собранија да вложат посебни усилби.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1241
29 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Стопанскиот собор,
**Ќемал Сејфула,** с. р.

Претседател
на Републичкиот собор,
**Крсте Марковски,** с. р.

**185.**

Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ, на својата седница одржана на 12 ноември 1968 година ја претресе Информацијата за спроведувањето на Препораката на Соборот за подобрување заштитата на спомениците на културата заедно со Извештајот на групата пратеници по прашањето на спроведувањето на оваа препорака и врз основа на член 158 од Деловникот на Собранието на СРМ, на својата седница одржана на 21 април 1969 година, ги донесе следните

ЗАКЛУЧОЦИ

Во изминатиот период од донесувањето на Препораката за подобрување заштитата на спомениците на културата се постигнати значајни резултати во заштитата на споменичкиот фонд во нашата Република. Заштитата на спомениците на културата претставуваше посебна грижа на највисоките извршно-политички и претставнички тела во Републиката и во општините.

Изменетиот начин на финансирање во областа на заштитата на спомениците на културата што се применува од пред три години позитивно влијаеше кон се поголемото ангажирање на општинските собранија во решавањето проблемите на заштитата и конзервацијата на споменичкиот фонд.

Интересот на општествено-политичките заедници посебно се манифестираше во заштитата на најзначајните споменички комплекси урбани целини во одделни населби, како и за оние споменици чие постоење било доведено во прашање со интензивната урбанизација на нашите градови и региони, односно со изградбата на капиталните објекти во нашата Република.

Поопштествувањето во областа на заштитата на спомениците на културата се одвиваше прилично бавно. Во периодот од донесувањето на Препораката се образувани два одбори за чување и одржување на спомениците на културата — за локалитетите Хераклеа и Стоби. Практиката од работата на овие два одбори даде извонредно позитивни резултати во решавањето проблемите на заштитата и презентирањето на овие два споменички објекти. Ваквата општествена ангажираност во заштитата на спомениците на културата треба и натаму да се развива со оглед на тоа што голем број заинтересирани граѓани, иматели на споменици, здруженија, општествени организации и институции се вклучени во грижата за спомениците на културата. Исто така треба да се вложат напори за вклучувањето на што поголем број луѓе — особено од редовите на младината во создавањето на движење на пријатели на спомениците на културата.

Имајќи го предвид обемниот споменички фонд во нашата Република и состојбата во која тој се наоѓа, се наложува потребата од проширување мрежата на стручните институции, заводите за заштита на спомениците на културата и создавањето на таква мрежа на регионални заводи за заштита која ќе обезбеди целосна грижа и заштита на сите споменици во Републиката. Паралелно со создавањето на нови заводи за заштита односно проширувањето на територијата на постојните заводи потребна е посебна грижа за создавањето односно усовршувањето на стручните кадри во овие институции за разновидните облици на заштита и конзервација на движни и недвижни споменици на културата.

Стручните установи — заводите за заштита во досегашниот период извршија обемни работи на систематската евиденција и изработување на стручно-научна документација за спомениците со цел да се обезбедат услови за натамошна научно-истражувачка работа и нужни конзерваторски интервенции. При извршувањето на овие задачи, Собор смета дека е нужно евиденцијата и стручнонаучната документација на споменичките објекти да послужи за создавање на соодветна класификација на објектите по нивната вистинска вредност и врз основа на тоа да бидат насочени сите напори во изградувањето на определени критериуми и програми за заштита на највредното. Во таа смисла треба да бидат концентрирани сите можни и расположиви кадровски сили и материјални средства како во рамките на Републиката така и за нивното поврзување со општините.

Општествено-политичките заедници и во наредниот период ќе треба да му посветат нужното внимание за обезбедување платени лица и водичи за најзначајните споменици на културата, бидејќи и покрај сите досегашни настојувања ова прашање не е решено на најзадоволителен начин.

Исто така не задоволуваат настојувањата на општествено-политичките заедници музејските предмети, архивската граѓа, книжниот фонд и највредните движни споменици на културата да се обезбедуваат во современи депои и трезори. Ова прашање заслужува посебен третман и во врска со мерките што ги преземаат општествено-политичките заедници за заштита на спомениците на културата во случај на војна, усогласувајќи ги овие мерки со заклучоците содржани во меѓународните конвенции по ова прашање.

Долгорочните програми на археолошките испитувања и во иднина треба да се усогласуваат со можностите за конзервација на археолошките локалитети.

Во последно време се забележува сé поголем интерес од општествено-политичките заедници, стопанските организации, здруженијата и други, спомениците на културата (манастирски конаци, безистени, анови и др.) да се вклучат во туристичкиот промет и се користат како туристичко-рекреативни објекти. Во наредниот период ваквите настојувања треба да продолжат со несмален интензитет.

Со цел спомениците на културата да станат подостапни на посетителите потребно е и во наредниот период да се преземаат мерки за изградба на современи комуникации до најзначајните споменици на културата и поставување на соодветни знаци за нивно одбележување.

Во одделни центри во Републиката е обезбедено континуирано издавање на пропаганден материјал (куси монографии, водичи, проспекти, фотоси, дијапозитиви и сл.) во голем тираж за поголем број на споменици на културата. Оваа активност и во иднина треба да биде поддржувана од општествено-политичките заедници со настојувања истата тематски да се разнообрази и прошири на оние подрачја, што во тој поглед не постигнале задоволителни резултати. При спроведувањето на оваа активност потребно е да се обезбеди нужна координација со туристичките организации.

Во изминатиот период недоволно и неадекватно е било користењето на спомениците на културата во наставно-образовниот процес. Во наредниот период нужно е на ова прашање да му се обрне поголемо внимание од страна на заинтересираните органи и организации.

Заштитата на спомениците на културата во Републиката се одвива во рамките на среднорочната програма за заштита на спомениците на културата (1966 — 1970 година). Целосната реализација на програмата во оваа област зависи од средствата што за таа цел се издвојуваат и ќе бидат издвоени од Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности и од општествено-политичките заедници. Со оглед на подготовките што се вршат за изготвување на идниот среднорочен план за развиток на Републиката, потребно е да се преземаат соодветни мерки во изготвувањето програми за заштита на спомениците на културата во рамките на новиот среднорочен програм за развиток на Републиката.

**СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Бр. 1492**
**22 април 1969 година**
**Скопје**

Претседател
на Просветно-културниот собор,
**Драги Тозија**, с. р.

# Прописи на општинските собранија

## СОБРАНИЕ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ

**45.**

Врз основа на член 64 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/64), Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и Соборот на работните заедници, одржана на ден 18. IV. 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА 1968 ГОДИНА

Член 1

Остварените приходи и извршените расходи по буџетот на општината Кавадарци за 1968 година изнесуваат:

— Приходи — — — — 7.292.792 Н. динари
— Распоредени приходи — 7.141.074 Н. динари
— Неутрошени приходи — 151.718 Н. динари

Член 2

Вишокот на приходи во износ од 151.718 нови динари се пренесува како приход во буџетот на општината Кавадарци за 1969 година.

Член 3

Прегледот на извршувањето на билансниот дел на буџетот е составен дел на оваа одлука.

Член 4

Се одобрува завршната сметка по буџетот на општината Кавадарци за 1968 година, составена согласно со законските прописи.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-2056
18 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

### ПРЕГЛЕД
### НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БИЛАНСНИОТ ДЕЛ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА 1968 ГОДИНА

I. ПРИХОДИ ВО БИЛАНСОТ НА ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ

| Форма прих. | Потформа приходи | ВИД НА ПРИХОДИ | Предвидено по буџетот | Остварено до 31. XII. 1968 год. | Индекс (5:4) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | ВИД 1. ПРИДОНЕСИ | | | |
| 11 | 111 | Придонес од личен доход од работен однос | 1.070.000 | 1.051.951 | 98,31 |
| | 112 | Учество во приходите од придонесот од лич. доход од работен однос на пошироката општествено-политичка заедница | 686.000 | 673.115 | 98,12 |
| 12 | 121 | Придонес од личен доход од земјоделска дејност | 368.000 | 382.963 | 104,06 |
| | 122 | Учество во приходите на пошироката општествено-политичка заедница | 122.000 | 126.225 | 103,46 |
| 13 | 131 | Придонес од личен доход од самостојно вршење на занаетчиски и други стопански дејности | 73.000 | 94.161 | 128,98 |
| | 133 | Придонес од личен доход од самостојно вршење занаетчиски и други стопански дејности што се плаќаат во паушален износ | 161.000 | 273.278 | 169,73 |
| 14 | 141 | Придонес од личен доход од самостојно вршење интелектуални услуги | 2.000 | 2.922 | 24,35 |
| 15 | 151 | Придонес од авторски права, патенти и технички унапредувања | 5.000 | 4.189 | 83,78 |
| 16 | | Придонес од вкупните приходи на граѓаните | 1.000 | 4.087 | 408,70 |
| | | ВКУПНО ВИД 1. ПРИДОНЕСИ | 2.498.000 | 2.612.891 | 104,59 |
| | | ВИД 2. ДАНОЦИ | | | |
| 21 | 211 | Данок на промет на стоки на мало | 929.000 | 855.656 | 92,10 |
| | 212 | Данок на промет на надоместок за услуги | 86.000 | 91.936 | 106,90 |
| | 213 | Данок на промет на недвижности и права | 200.000 | 140.967 | 70,48 |
| 22 | | Данок на приход од згради | 175.000 | 101.498 | 57,99 |
| 23 | | Данок на приход од имот и имотни права | 7.000 | 10.267 | 146,67 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | | Данок на приход остварен со употреба на дополнителна работна рака од други лица | 5.000 | 8.262 | 165,24 |
| 26 | | Данок на наследство и подароци | 10.000 | 13.980 | 139,80 |
| | | ВКУПНО ВИД 2. ДАНОЦИ | 1.412.000 | 1.222.566 | 86,58 |
| | | ВИД 3. ТАКСИ | | | |
| 31 | | Административни такси | 110.000 | 94.065 | 85,51 |
| 32 | | Комунални такси | 60.000 | 100.000 | 166,66 |
| 33 | | Судски такси | 200.000 | 184.488 | 92,24 |
| | | ВКУПНО ВИД 3. ТАКСИ | 370.000 | 378.553 | 102,31 |
| | | ВИД 6. ПРИХОДИ ОД ОРГАНИ И ОСТАНАТИ РАЗНИ ПРИХОДИ | | | |
| 62 | | Останати разни приходи | 249.000 | 214.809 | 86,26 |
| | | ВКУПНО ВИД 6. ПРИХОДИ ОД ОРГАНИ И ОСТАНАТИ РАЗНИ ПРИХОДИ | 249.000 | 214.809 | 86,26 |
| | | ВИД 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА | | | |
| 71 | 712 | Општи дополнителни средства во определен износ | 1.655.839 | 1.655.460 | 99,97 |
| | 722 | Наменски дополнителни средства | 634.161 | 634.161 | 100,00 |
| | | ВКУПНО ВИД 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА | 2.290.000 | 2.289.621 | 99,99 |
| | | ВИД 9. ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА | | | |
| 91 | | Вишок на приходите од буџетот на претходната година | 372.000 | 574.332 | 154,39 |
| | | ВКУПНО ВИД 9. ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА | 372.000 | 574.332 | 154,39 |
| | | Средства одобрени од клиринг | | 20 | |
| | | ВКУПНО СРЕДСТВА | 7.191.000 | 7.292.792 | 101,41 |

## II. РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ

| Распоредена група | подгрупа | РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ | Предвид. по буџетот за 1968 г. | Извршено до 31. XII. 1968 год. | Индекс (5:4) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 01. ДЕЈНОСТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 01—2 | 01—2—1 | Средства распоредени во определен износ (освен за инвестиции и за Заедницата за образование) | 110.000 | 100.000 | 90,90 |
| | 01—2—3 | Средства распоредени во определен износ на Заедницата за образование | 1.000.000 | 800.000 | 80,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 01 | 1.110.000 | 900.000 | 81,08 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 02. НАУЧНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 02—2 | 02—2—2 | Средства распоредени во определен износ (Освен за инвест.) | 1.000 | 1.000 | 100,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 02 | 1.000 | 1.000 | 100,00 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 03. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 03—2 | 03—2—1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 110.000 | 110.000 | 100,00 |
| | 03—2—2 | Средства распоредени во определен износ за посебна намена (освен за инвестиции) | 252.500 | 209.753 | 83,07 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 03 | 362.500 | 319.753 | 88,20 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 04. СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ | | | |
| 04—2 | 04—2—1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 80.000 | 71.712 | 89,64 |
| | 04—2—2 | Средства распоредени во определен износ за посебна намена (освен за инвестиции) | 372.000 | 371.023 | 99,73 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 04. | 452.000 | 442.735 | 97,95 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 05. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | | | |
| 05—2 | 05—2—2 | Средства распоредени во определен износ за посебна намена (освен за инвестиции) | 273.000 | 248.299 | 90,95 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 05. | 273.000 | 248.299 | 90,95 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 06. КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 06—2 | 06—2—2 | Средства распоредени во определен износ за посебна намена (освен за инвестиции) | 340.000 | 247.070 | 72,66 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 06. | 340.000 | 247.070 | 72,66 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 07. РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ | | | |
| 07—2 | 07—2—1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 3.315.000 | 3.313.000 | 99,99 |
| | 07—2—2 | Средства распоредени во определен износ за посебна намена (освен за инвестиции) | 289.000 | 262.641 | 90,87 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 07. | 3.604.000 | 3.575.641 | 99,21 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 13. ДЕЈНОСТ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ | | | |
| 13—2 | | Средства распоредени во определен износ | 158.500 | 148.500 | 93,69 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 13. | 158.500 | 148.500 | 93,69 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 14. НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 14—2 | 14—2—21 | Средства распоредени во определен износ за текушти вложувања | 20.000 | 20.000 | 100,00 |
| | 14—2—22 | За отплата на ануитети | 400.000 | 435.089 | 108,77 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 14. | 420.000 | 455.089 | 108,35 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 16. ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | | |
| 16—2 | 16—2—21 | Средства за текушти вложувања | 60.000 | 40.339 | 67,23 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 16. | 60.000 | 40.339 | 67,23 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 17. БУЏЕТСКИ ОБВРСКИ ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | | | |
| 17—2 | | Средства распоредени во определен износ | 200.000 | 631.098 | 315,54 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 17. | 200.000 | 631.098 | 315,54 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 18. ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД | | | |
| 18—1 | | Средства распоредени во процент | 60.000 | 16.000 | 26,66 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 18. | 60.000 | 16.000 | 26,66 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 19. НЕРАС. ПРИХОДИ | | | |
| 19—2 | | Средства во определен износ | 150.000 | 115.550 | 77,03 |
| | | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНИ И НЕРАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ | 7.191.000 | 7.141.074 | 99,30 |
| | | ПОЛОЖБА НА ЖИРО С/КА НА 31. XII. 1968 год. | | 151.718 | |

## ПРЕГЛЕД

### НА ОДОБРЕНИТЕ И ИЗВРШЕНИТЕ РАСХОДИ ПО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА 1968 ГОДИНА

| Пози-ција | Распоред. група или подгрупа | Намена на расходите | Годишен план | Со вирманско решение | | Вкупно распоредено средства | Вкупно извршено | Извршено | | Индекс (8:7) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | зголем. | намал. | | | повеќе | помалку | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 01. ДЕЈНОСТ, ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | | | | | | |
| 1 | 01—2 | Заедница за финансирање и образование | 1000000 | — | — | 1000000 | 800000 | — | 200000 | 80,00 |
| 2 | 01—2 | Завод за школство Т. Велес | 90000 | — | — | 90000 | 90000 | — | — | 100,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 01—2 | Завод за запос. раб. Кавадарци | 20000 | — | — | 20000 | 10000 | — | 10000 | 50,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 01. | 1110000 | — | — | 1110000 | 900000 | — | 210000 | 81,08 |
| | | ОСНОВ. НАМЕНА 02. НАУЧНА РАБОТА | | | | | | | | |
| 4 | 02—2—2 | Испраќање лица на стр. наобраз. | 1000 | — | — | 1000 | 1000 | — | — | 100,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 02. | 1000 | — | — | 1000 | 1000 | — | — | 100,00 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 03. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ | | | | | | | | |
| 5 | 03—2—1 | За редовна дејност на градската библиотека | 110000 | — | — | 110000 | 110000 | — | — | 100,00 |
| 6 | 03—2—2 | Младински и пионерски смотри | 1000 | — | — | 1000 | 1000 | — | — | 100,00 |
| 7 | 03—2—2 | Организ. за изложби и гостувања | 2000 | 800 | — | 2800 | 2800 | — | — | 100,00 |
| 8 | 03—2—2 | Одржување и унапредување на библиотечна мрежа | 2500 | — | — | 2500 | 2500 | — | — | 100,00 |
| 9 | 03—2—2 | Прослави | 7000 | — | — | 7000 | 6550 | — | 450 | 93,57 |
| 10 | 03—2—2 | Надом. за меѓуреп. и меопшт. културна соработка | 3000 | — | — | 3000 | 3000 | — | — | 100,00 |
| 11 | 03—2—2 | Одржување на истор. споменици | 20000 | — | — | 20000 | 20000 | — | — | 100,00 |
| 12 | 03—2—2 | Изградба на спортски терени | 20000 | — | — | 20000 | 15000 | — | 5000 | 75,00 |
| 13 | 03—2—2 | Изработ. на хроника на Сој. бор. | 5000 | — | — | 5000 | 5000 | — | — | 100,00 |
| 14 | 03—2—2 | Помош од СОФКА | 25000 | — | — | 25000 | 25000 | — | — | 100,00 |
| 15 | 03—2—2 | Помош на ДТВ „Партизан“ | 33000 | 5000 | — | 38000 | 38000 | — | — | 100,00 |
| 16 | 03—2—2 | Предвојничка обука | 84000 | — | 5800 | 78200 | 42903 | — | 35297 | 51,07 |
| 17 | 03—2—2 | Надоместок на Домот на културата Кавадарци | 50000 | — | — | 50000 | 48000 | — | 2000 | 96,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 03. | 362500 | 5800 | 5800 | 362500 | 319753 | — | 42747 | 88,21 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 04. СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ | | | | | | | | |
| 18 | 04—2—1 | За редовна дејност на Центарот за социјални работи | 80000 | — | — | 80000 | 71712 | — | 8288 | 89,64 |
| 19 | 04—2—2 | За посебна намена за Центарот за социјални работи | 372000 | — | — | 372000 | 371023 | — | 977 | 99,70 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 04. | 452000 | — | — | 452000 | 442735 | — | 9265 | 97,95 |
| | | ОСНОВ. НАМЕНА 05. ЗДРАВ. ЗАШТИТА | | | | | | | | |
| 20 | 05—2—2 | Болнички трошоци | 60000 | — | — | 60000 | 54681 | — | 5319 | 91,13 |
| 21 | 05—2—2 | Специјализ. на медицин, кадар | 60000 | — | — | 60000 | 56743 | — | 3257 | 94,57 |
| 22 | 05—2—2 | Сузбивање на заразни болести | 2000 | — | 62 | 1938 | 803 | — | 1135 | 41,43 |
| 23 | 05—2—2 | Мртво-проверителна служба | 1000 | 62 | — | 1062 | 1062 | — | — | 100,00 |
| 24 | 05—2—2 | Превен. зашт. медицин. центар | 100000 | — | — | 100000 | 100000 | — | — | 100,00 |
| 25 | 05—2—2 | Помош на здравствен. станица с. Конопиште | 50000 | — | — | 50000 | 35000 | — | 15000 | 70,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 05. | 273000 | 62 | 62 | 273000 | 248289 | — | 24711 | 90,90 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 06. КОМУН. ДЕЈНОСТ | | | | | | | | |
| 26 | 06—2—2 | Одржув. на зеленил. во градот | 150000 | — | — | 150000 | 100000 | — | 50000 | 66,00 |
| 27 | 06—2—2 | Трошоци за улично осветление | 80000 | — | — | 80000 | 60895 | — | 19105 | 76,12 |

| 1 | 2 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | 06—2—2 | Надомест. за експропр. на имоти | 70000 | — | 851 | — | 46669 | — | 22480 | 66,37 |
| 29 | 06—2—2 | Студии и истраги | 30000 | 851 | — | 30851 | 30851 | — | — | 100,00 |
| 30 | 06—2—2 | Комунална изградба на селата | 10000 | — | — | 10000 | 8670 | — | 1330 | 86,70 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 06. | 340000 | 851 | 851 | 340000 | 247085 | — | 92915 | 72,60 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 07. РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ | | | | | | | | |
| 31 | 07—2—1 | За редов. дејн. на орг. на управ. | 1870000 | — | — | 1870000 | 1870000 | — | — | 100,00 |
| 32 | 07—2—2 | За посеб. намена на орг. управата | 51000 | — | — | 51000 | 51000 | — | — | 100,00 |
| 33 | 07—2—2 | Надомест на претседат. и потпретсед. | 63000 | — | — | 63000 | 61596 | — | 1404 | 97,77 |
| 34 | 07—2—2 | Дневници на одборници | 20000 | 3474 | — | 23474 | 23474 | — | — | 100,00 |
| 35 | 07—2—2 | Трош. за умножув. на материјали | 16000 | — | 6676 | 9324 | 6799 | — | 2525 | — |
| 36 | 07—2—2 | Надомест. за стручни комисии | 6000 | 3202 | — | 9202 | 9202 | — | — | 100,00 |
| 37 | 07—2—2 | Трошоци за репрезентација | 10000 | — | — | 10000 | 9440 | — | 560 | 94,40 |
| 38 | 07—2—2 | Превентивна заштита на добит. | 70000 | — | — | 70000 | 68776 | — | 1224 | 98,25 |
| 39 | 07—2—2 | Надомест. за вршење на бан. усл. | 6000 | 3932 | — | 9932 | 9932 | — | — | 100,00 |
| 40 | 07—2—2 | Трошоци за цивилна заштита | 44000 | — | 3932 | 40068 | 20202 | — | 19866 | 52,00 |
| 41 | 07—2—2 | Членар. за конференц. на градов. | 3000 | — | — | 3000 | 2219 | — | 781 | 73,97 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 07. | 2159000 | — | — | 2159000 | 2132640 | — | 26360 | 98,77 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 13. ДЕЈНОСТ НА ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ | | | | | | | | |
| 42 | 13—2 | Општински одбор на ССРНМ | 110000 | — | — | 110000 | 100000 | — | 10000 | 99,00 |
| 43 | 13—2 | Општински комитет на СКМ | 33500 | — | — | 33500 | 33500 | — | — | 100,00 |
| 44 | 13—2 | Општински комитет на Ц. крст | 10000 | — | — | 10000 | 10000 | — | — | 100,00 |
| 45 | 13—2 | Помош на здружението на пензион. | 5000 | — | — | 5000 | 5000 | — | — | 100,00 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 13. | 158500 | — | — | 158500 | 148500 | — | 10000 | 93,69 |
| | | ОСНОВ. НАМЕНА 14. НЕСТОП. ИНВЕСТИЦИИ | | | | | | | | |
| 46 | 14—2—21 | Учеств. во станбен. изградба на Сојузот на борците | 20000 | — | — | 20000 | 20000 | — | — | 100,00 |
| 47 | 14—2—20 | Отплата на ануитети по кредити | 400000 | — | — | 400000 | 435089 | 35089 | — | 108,77 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 14 | 420000 | — | — | 420000 | 455089 | 35089 | — | 106,35 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 16. ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СТОПАНСТВО | | | | | | | | |
| 48 | 16—2—21 | Регрес за млеко | 60000 | — | — | 60000 | 40339 | — | 19661 | 67,23 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 16. | 60000 | — | — | 60000 | 40339 | — | 19661 | 67,23 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 17. БУЏЕТ. РЕЗЕРВИ | | | | | | | | |
| 49 | 17—2—2 | Буџет. обвр. од претход. години | 200000 | — | — | 200000 | 631098 | 431098 | — | 315,55 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 17. | 200000 | — | — | 200000 | 631098 | 431098 | — | 315,55 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 18. ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВЕН ФОНД | | | | | | | | |
| 50 | 18—1 | Издвојување во резервниот фонд | 60000 | — | — | 60000 | 16000 | — | 44000 | 26,60 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 18. | 60000 | — | — | 60000 | 16000 | — | 44000 | 26,60 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 19. НЕРАСПОР. ПРИХОДИ | | | | | | | | |
| 51 | 19—2 | Текушта буџетска резерва | 150000 | — | — | 150000 | 115550 | — | 34450 | 77,03 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНА НАМЕНА 19. | 150000 | — | — | 150000 | 115550 | — | 34450 | 77,03 |
| | | ОСНОВ. НАМЕНА 07. РАБОТА НА ДРЖ. ОРГАНИ | | | | | | | | |
| 52 | 07—2—1 | За редовна дејност на ОВР | 937000 | — | — | 937000 | 937000 | — | — | 100,00 |
| 53 | 07—2—1 | За редовна дејност на Општ. суд. | 338000 | — | — | 338000 | 338000 | — | — | 100,00 |
| 54 | 07—2—1 | За редов. дејн. на Јавно обвинител. | 80000 | — | — | 80000 | 80000 | — | — | 100,00 |
| 55 | 07—2—1 | За редов. дејн. на пожарна служба | 90000 | — | — | 90000 | 88000 | — | 2000 | 97,78 |
| | | ВКУПНО: | 7191000 | 17321 | 17321 | 7191000 | 7141078 | 466187 | 516109 | 99,30 |

**46.**

Врз основа на член 13 став 4 од Уредбата за книжење на придонесите и даноците на граѓаните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 50/64) и член 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 18-IV-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ДАНОЧНАТА ЗАВРШНА СМЕТКА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ФИНАНСИИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЗА 1968 ГОДИНА

Член 1

Се одобрува даночната завршна сметка на Одделението за финансии на Собранието на општината Кавадарци за 1968 година со:

— вкупно приходи по разрез и долг од мин. год. 3.804.656 н. д.
— остварени приходи по наплата и отписи 2.785.132 н. д.
— неостварени приходи — салдо на 31-XII-1967 г. 1.019.524 н. д.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-2057
18 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов**, с. р.

**47.**

Врз основа на членовите 5, 22, 23, 35 и 43 од Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ“ бр. 14/65) и член 9 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ“ бр. 57/65), членовите 17 и 18 од Законот за измени и дополненија на Основниот закон за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ“ бр. 52/66), член 3 став 1 од Законот за измени и дополненија на Законот за тарифата на Сојузниот данок на промет („Службен лист на СФРЈ“ бр. 24 и 26/68) и член 247 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 18-IV-1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### за измени и дополненија на Одлуката за воведување општински данок на промет на стоки на мало и општински данок на надоместок од услуги и за пропишување начинот на утврдувањето, пресметувањето и наплатувањето на сојузниот, републичкиот и општинскиот данок на промет на обврзниците на кои придонесот од личниот доход од самостојно вршење занаетчиски и други стопански дејности им се обложува според основицата или паушален износ

Член 1

Во Одлуката за воведување на општински данок на промет на стоки на мало во членот 9 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

(2) „Од општински данок на промет за производите на ракотворби од сиц, се ослободува Земјоделско-сточарското стопанство „Кожув Планина“ од с. Конопиште.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1-I-1969 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-2058
18 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 29 став 2 од Основниот закон за установите („Службен лист на СФРЈ" бр. 5/65), а по барање на Лозаро-винарското училиште „Тошо Велков Пепето" — Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на ден 18. IV. 1969 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ ДЕЈНОСТА НА ЛОЗАРО-ВИНАРСКОТО УЧИЛИШТЕ „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" — КАВАДАРЦИ**

I. Собранието на општината Кавадарци дава согласност на Одлуката бр. 136 од 20. III. 1969 година на Советот на работната заедница на Лозаро-винарското училиште „Тошо Велков Пепето" — Кавадарци за отворање мелиоративен отсек при истото училиште.

II. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-2100/1
21 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**49.**

Врз основа на член 162 став 1 алинеа 8 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 23-IV-1969 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ**

I. За претседател на Собранието на општината Кавадарци се избира одборникот АНДОВ СТОЈАН од гр. Кавадарци, одборник на Општинскиот собор на Собранието на општината Кавадарци.

II. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-2157
23 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

**50.**

Врз основа на член 162 став 1 алинеа 8 од Статутот на општината Кавадарци, Собранието на општината Кавадарци, на заедничката седница на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 23-IV-1969 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКОТО СОБРАНИЕ**

I. За потпретседател на Собранието на општината Кавадарци се избира одборникот Јордан Јосифовски од гр. Кавадарци, одборник на Општинскиот собор на Собранието на општината Кавадарци.

II. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 01-2158
23 април 1969 година
Кавадарци

Претседател
на Собранието на општината Кавадарци,
**Стојан Андов,** с. р.

## ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА — ГОСТИВАР

Општинската изборна комисија за избор на пратеници — Гостивар, врз основа на член 89 став 2 и 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 4/69) донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИК НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СРМ**

I

Се распишуваат избори за избор на пратеник на Социјално-здравствениот собор на Собранието на СРМ за изборната единица Гостивар III.

II

Изборите за пратеник на Социјално-здравствениот собор ќе се одржат на 11-VI-1969 година.

III

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Број 287
12 мај 1969 година
Гостивар

Секретар, Претседател,
**Вангел Дуровски,** с. р. **Атанас Јанкоски,** с. р.

Член,
**Акиф Рамадани,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 242, страна 1192, книга I, е запишано следното: Се брише од регистарот на установите Турист бирото — Тетово, бидејќи се присоединува кон Автотранспортното претпријатие за превоз на патници и стоки „Радика" — Тетово, согласно со одлуката бр. 1582/18 од 15. XII. 1967 година на работничкиот совет на „Радика" — Гостивар и одлуката бр. 80 од 22. XII. 1967 година на советот на Работната заедница на Турист бирото — Тетово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 75 од 21. X. 1968 год. (2130)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 48, страна 196, книга I, е запишано следното: Се брише од регистарот на установите Центарот за унапредување на земјоделството — Куманово, бидејќи се присоединува кон Земјоделскиот комбинат „Куманово" — Куманово, согласно одлуката бр. 0201-708/1 од 15. II. 1968 година на работничкиот совет на комбинатот, одлуката бр. 01-170/1 од 17. II. 1968 година на советот на работната заедница на Центарот за унапредување на земјоделството — Куманово и решението бр. 4732 од 2. IV. 1968 година на Собранието на општината Куманово.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 28 од 14. XI. 1968 година. (2179)

## РЕГИСТАР НА ЗАДРУГИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип, објавува дека во регистарот на задругите на 29. IV. 1968 година, страна 88, реден број 16 е запишано основање на Магазин за продажба на градежни материјали, со седиште во с. Ново Село, Струмичко.

Магазинот ќе врши продажба на градежни материјали.

Магазинот е основан од страна на Земјоделската задруга „Единство" од с. Ново Село, Струмичко.

Раководител на магазинот е Киро Јаков, кој не е овластен да го потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на задругата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-66 од 14. II. 1968 година на управниот одбор на задругата и решението бр. 12-4109/1 од 26. IV. 1968 година, на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 78/68. (1610)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 29. IV. 1968 година, страна 167, реден број 18 е запишано основањето на Мешана продавница со трговски стоки на принципот на самопослуга, со седиште во с. Ново Село, Струмичко.

Продавницата ќе врши продажба на трговски стоки-колонијални, електрични уреди, конфекција и трикотажа, железарија, леб, брашно и други печива, пресно месо и сувомесни производи, овошје и зеленчук, мебели, галантерија и др.

Продавницата е основана од страна на Земјоделската задруга „Единство" од с. Ново Село, Струмичко.

Раководител на продавницата е Андреа Манчев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на задругата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-70 од 14. II. 1968 година на задружниот совет на задругата и решението бр. 12-23/105 од 26. IV. 1968 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 184/68. (1611)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 29. IV. 1968 година, страна 136, реден број 19 е запишана промената на досегашниот управник на Земјоделската задруга „Единство" од с. Ново Село, Струмичко, Цветан Георгиев. За директор е назначен Никола Атанасов, кој е овластен да ја претставува и потпишува задругата.

Промената на директорот е запишана во регистарот врз основа на решението бр. 1-207/1 од 30. III. 1968 година на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 185/68. (1612)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 28. III. 1968 година, страна 38, реден број 4 е запишано: Земјоделската задруга „Гоце Делчев" од село Јаргулица, Штипско, е ставена под присилна управа, со почеток од 1. II. 1968 година.

За присилен управник на задругата е назначен Андон Камчев Ѓоргиев, додека правото на потпишување на досегашниот управник Борис Глигоров му престанува.

Впишувањето на присилната управа на задругата е извршено во регистарот врз основа решението бр. 01-386 од 13. II. 1968 година на Собранието на општината Радовиш.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 127/68. (1656)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 193, страна 333, книга II, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Моша Пијаде" село Сингелич, Продавница број 7, во село Арачиново. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки на мало.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Моша Пијаде" — село Сингелич, со одлуката од одржаната седница на 25. IV. 1968 година.

Раководител на продавницата е Богдановски Петко.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 745 од 14. VIII. 1968 година. (1755)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 35, страна 377, книга II, е запишано под фирма: Земјоделска задруга „Поток" село Глумово, Скопско — Стовариште во село Сарај, Скопско. Предмет на работењето на стовариштето е продажба на големо и мало на брашно, трици и житарици.

Стовариштето е основано од задружниот совет на Земјоделската задруга „Поток" од село Глумово, со одлуката бр. 575 од 12. VII. 1967 година.

Стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Крсте Пешо, раководител, во границите на овластувањето.

Обрската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 783/67 од 16. IX. 1968 година. (1876)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 425, книга II, е запишан под фирма: Земјоделска задруга „Житиште" село Мршевци — Склад во Скопје, ул. „Индустриска" бб. Предмет на работењето на складот е продавање на огревен, градежен и друг материјал.

Складот е основан од задружниот совет на Земјоделската задруга „Житиште" од село Мршевци, Скопско, со одлуката од одржаната седница на 5. VIII. 1968 година.

Раководител на складот е Алексовски Христов Миле.

Складот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува — задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 970 од 15. X. 1968 година. (2112)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 187, книга I, е запишана под фирма: „Плавица" — Земјоделска задруга Кратово — Продавница за алкохолни и безалкохолни пијалоци во Скопје, ул. „Браќа Миладинови" бр. 14. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сопствени производи, алкохолни пијалоци, вино и ракија, како и продажба на други алкохолни и безалкохолни пијалоци кои

ќе го надополнуваат асортиманот во продавницата. Сите производи продавницата може да ги продава на големо и мало.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Плавица“ — Кратово, со одлуката бр. 0306-816 од 5. VI. 1968 година.

Раководител на продавницата е Павлов С. Манчо.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува — задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 705 од 12. VII. 1968 година. (2013)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 425, книга II, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Житиште“, село Мршевци, Скопско — Продавница во село Бујковци. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени и индустриски стоки.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Житиште“ село Мршевци, Скопско, со одлуката од одржаната седница на 29. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Јовчевски Јованчо.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува — задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1038 од 15. X. 1968 година. (2113)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 26, страна 425, книга II, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Житиште“ — село Мршевци, Скопско, Продавница во село Горно Коњари. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени и индустриски стоки.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Житиште“ — село Мршевци, Скопско, со одлуката од одржаната седница на 29. VI. 1968 година.

Раководител на продавницата е Наумовски Денко.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1039 од 15. X. 1968 година. (2114)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 61, страна 245, книга I, е запишано следното: На досегашните потписници на Земјоделската задруга „Братство“ — село Балиндол, Гостиварско и тоа: Слободан Радичевски, управник, и Петровски Дамјан, книговодител, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност.

За директор на Земјоделската задруга „Братство“ — село Балиндол, Гостиварско е назначен Петровски Дамјан, кој задругата во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначените потписници и тоа: Симо Сиљаноски, шеф на сметководството, и Голуб Николовски, комерцијален работник, сметано од 24. V. 1968 година и стариот регистриран потписник Оносимовски Никола, продавач.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 647 од 11. XI. 1968 година. (2184)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 161, страна 145, книга II, е запишано следното: Досегашниот потписник на Пчеларската задруга „Вардар“ — Скопје, Самоил Писевски, е разрешен од должност и на истиот му престанува правото за потпишување.

За директор на Пчеларската задруга „Вардар“ — Скопје е назначен инженер-агроном Раде Николчески, кој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Пендаровски Живко, сметано од 6. XII. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 1226 од 10. XII .1968 година. (49)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 4, страна 47, книга I, е запишано следното: Дејноста за внатрешен промет на Земјоделскиот комбинат „Прогрес“ — Дебар, согласно со одлуката на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со продажба на брашно.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 976/67 од 31. XII. 1968 година. (15)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 40, страна 607, книга I, е запишано следното: Кон Земјоделската задруга „Гоце Делчев“, село Возарци, Кавадарци, се присоединува Комерцијалното биро на Деловното здружение „Задругар“ — Кавадарци, така што комерцијалните услуги што ги вршеше споменатото биро се пренесуваат на задругата која ќе ги обавува преку единицата комерцијално биро, со следните податоци: Земјоделска задруга „Гоце Делчев“ село Возарци — Единица комерцијално биро во Кавадарци (во просториите на Деловното здружение „Задругар“ — Кавадарци).

Предмет на работењето на единицата е промет со селскостопански производи.

Единицата е основана со одлуката бр. 305 од 27. IV. 1968 година на задружниот совет, со присоединување на Комерцијалното биро на Деловното здружение „Задругар“ — Кавадарци кон задругата.

Раководител на единицата е Боро Манев Николов.

Единицата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува — задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 673 од 30. XII. 1968 година. (29)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 26. IX. 1968 година, страна 124, реден број 12 е запишан престанокот на Продавницата во село Грдовци, Кочанско, на Земјоделската задруга „Моша Пијаде“ од с. Горни Подлог, Кочанско.

Бришењето на продавницата од с. Грдовци е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 1497 од 25. VII. 1968 година, на задружниот совет на задругата.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 400/68. (183)

---

